# РЕГИОНАЛНА

## ПРОЦЕНА НА ЗАКАНИТЕ ОД ТЕШКИОТ И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

*Vlada Crne Gore*
*Ministarstvo unutrašnjih poslova*

РЕГИОНАЛНА ПРОЦЕНА НА ЗАКАНИТЕ ОД ТЕШКИОТ И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

# РЕГИОНАЛНА ПРОЦЕНА НА ЗАКАНИТЕ ОД ТЕШКИОТ И ОРГАНИЗИРАНИОТ КРИМИНАЛ

Изработено во рамките на проектот Зајакнување на капацитетите застратешка анализа и Развиен во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за стратешка анализа и стратешка проценка во Управите за криминалистички истраги при Министерствата за внатрешни работи на Србија, Црна Гора и поранешна југословенска Република Македонија“. Проектот е финансиран од страна на Владата на Швајцарија во рамките на Програмата за регионална полициска соработка (2012 – 2016) и се спроведува од страна на Мисијата на ОБСЕ во Србија.

Ставовите изразени во овој текст се исклучиво ставови на авторите и не мора да значи дека секогаш го одразуваат официјалниот став на Мисијата на ОБСЕ во Србија.

# СОДРЖИНА


ПИСМО ОД МИНИСТРИТЕ 7

ВОВЕД 9

МЕТОДОЛОГИЈА 11

ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ 13

СФЕРИ НА КРИМИНАЛНО ДЕЛУВАЊЕ 15

1. ДРОГИ 15
   - 1.1. КОКАИН 17
   - 1.2. ХЕРОИН 19
   - 1.3. МАРИХУАНА 22
   - 1.4. СИНТЕТИЧКИ ДРОГИ 24

2. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ – НЕРЕГУЛАРНИ МИГРАЦИИ 27

3. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ 31

4. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ 33
   - 4.1. ТЕШКИ КРАЖБИ И РАЗБОЈНИШТВА 34
   - 4.2. МОТОРНИ ВОЗИЛА 35
   - 4.3. ЛИХВАРСТВО 35

5. СТОПАНСКИ КРИМИНАЛ 37
   - 5.1. ШВЕРЦ СО ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН 37
   - 5.2. СТОПАНСКИ КРИМИНАЛ – ДАНОЧНИ ЗАТАЈУВАЊА 40

6. КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ 42
   - 6.1. ИЗМАМИ СО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ 43
   - 6.2. ИЗМАМИ НА ИНТЕРНЕТ 44
   - 6.3. НАПАДИ НА КОМПЈУТЕРСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ 44
   - 6.4. СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА И МАЛОЛЕТНИЦИТЕ НА ИНТЕРНЕТ 45

7. ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ 46

ЗАКЛУЧОК 49

# ПИСМО ОД МИНИСТРИТЕ

*Регионалната процена на заканите од тешкиот и организиран криминал е уште една потврда за заедничката посветеност на Србија, Црна Гора и Македонија кон европската политика за борба против овие видови криминал, коишто, покрај тероризмот, претставуваат најголема безбедносна закана на денешницата. Сложените и меѓусебно вмрежените облици на рганизираниот и тешкиот криминал со кои се соочуваме денес, претставуваат една од најголемите закани за просперитетот, владеењето на правото, развојот на современото општество и севкупната стабилност на регионот.*

*Првата задача во борбата против комплексните и специфичните форми на криминалот е да се согледаат нивните конкретни модалитети, појавните облици, обемот и последиците и следствено на тоа, да се проценат реалните опасносни кои може да нè очекуваат во иднина.*

*Процената на заканите е посветена токму на исполнувањето на тие почетни чекори во борбата против сите видови тежок и оргнаизиран криминал, и тоа за првпат на регионално ниво, што ја вклучува во низата документи од исклучително стратегиско значење. Таа е заеднички одговор и недвосмислена порака дека сакаме безбеден регион кој ќе овозможи просперитет на сите граѓани кои живеат во него, со целосна посветеност кон решавање на суштинските прашања во борбата против најтешките видови на националната, регионалната, но и меѓународната безбедност.*

*Клучот за делотворната борба против тешкиот и организираниот криминал, којшто е заеднички стратегиски приоритет и интересе на сите три земји, лежи во сè поцврстата регионална поврзаност. Затоа, овој документ е израз на крајната одговорност и показател на нашата силна намера и недвосмислена определеност да вложуваме во посигурна иднина. Свесни сме дека зацврстувањето на меѓусебната доверба и соработка овозможува поефикасно спротивставување на безбедносните предизвици и опасности на регионално ниво, и дека нивото на коешто тоа ќе го оствариме е најдобар доказ на нашите способности и подготвеност да го направиме безбедносниот амбиент уште поповолен, а со тоа и напредокот во европските интеграции уште побрз и пореален.*

*Регионалната процена на предизвиците се изработува во рамките на регионалниот проект кој се спроведува за да се зајакне капацитетот за стратегиско анализирање и процени во министерствата за внатрешни работи на Србија, Црна Гора и Македонија, а кој го спроведува ОБСЕ во Србија, кому му изразуваме посебна благодарност. Нашата благодарност ја упатуваме и на нашите меѓународни партнери – Владата на Швајцарија која го финансираше проектот, на ДКАФ кој ја администрира програмата на швајцарската влада како и на Европол кој ја понуди својата експертиза за време на изработката на документите. Им се заблагодаруваме на членовите на експертските тимови на Србија, Црна Гора и Македонија за вложениот труд и високата професионалност.*

*На крајот, уште еднаш сакаме да ги истакнеме искрените намери во желбата овој стратегиски документ да послужи како основа за донесување релевантни стратегиски и оперативни одлуки и истовремено да даде силен поттик и поддршка за соработката на националните органи во спроведување на законот во борбата против тешкиот и организираниот криминал.*

*Вицепремиерот и министер за внатрешни работи на Република Србија*

*др Небојша Стефановиќ*

*Министер за внатрешни работи на Црна Гора*

*Горан Даниловиќ*

*Министер за внатрешни работи на Република Македонија*

*Оливер Спасовски*

# ВОВЕД

Регионалната процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал дава сеопфатно преглед на моменталната ситуација, движењата и последиците предизвикани од овој вид криминал, но рано предупредување за новите трендови и закани за регионот, со цел да се олесни превенцијата и борбата против овие криминални појави.

Конкретните цели на Регионалната процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал треба дадат приказ на моменталната состојба на територијата на Србија, Црна Гора и Македонија, да укажат на областите кои претставуваат најголема закана во овој дел од регионот, да ги утврдат факторите кои влијаат на овие појави, да ги идентификуваат заедничките карактеристики на делувањето на овие криминални групи, како и да се обезбедат претпоставки околу развојот на идните закани што може да послужи како основа за донесување на одлуки за заедничкото спротивставување на тешкиот и организираниот криминал на регионално ниво.

Еден од главните фактори кои му одат во прилог на присуството и развојот на тешкиот и организираниот криминал во Западен Балкан е географската положба на регионот, кој се наоѓа на раскрсница помеѓу Европа и Блискиот и Далечниот Исток. Затоа, транснационалниот аспект на организираниот криминал во овој регион е високоразвиен. Западниот Балкан може да се гледа пред сѐ како транзитна точка, но исто така, и како крајна дестинација и место на потекло на на делувањето на организираниот криминал.

Примарно влијание врз организираниот криминал има централната геостратешка положба на Србија, Црна Гора и Македонија во регионот на Западен Балкан, како и фактот дека тие се дел од надворешните граници на шенгенската зона и се опкружени со земји-членки на Европската унија. Во други важни фактори спаѓа и долгиот процес на транзиција и социо-економското заздравување, но и наследувањето на околностите што преовладуваа за време на конфликтите во поранешна Југославија, коишто влијаеја врз развојот на одредени форми на организирани криминални дејствија и зацврстување на нивните врски на балканските простори.

Организираниот криминал на овие простори постојано развива нови форми на изразување и постојано се адаптира на новите општествени услови и околности. Модалитетите на одредени форми на организиран криминал стануваат сѐ покомплексни како резултат на зголемената поврзаност на организираните криминални групи на регионално и меѓународно ниво, а сѐ повеќе се карактеризира со хетерогена структура и висок степен на флексибилност.

Спроведувањето истраги за кривични дела од областа на тешкиот и организираниот криминал е многу сложено и е еден од најголемите предизвици за органите на прогонот. Овој факт ја наметнува потребата од воспоставување на уште поцврста регионална соработка, која станува приоритет особено во однос на идното пристапување кон ЕУ и потребата од приближување кон воспоставените европски стандарди и практики, што е и целта на овој документ.

Регионалната процена на заканите е изработена во текот на спроведувањето на регионалниот проект во рамките на регионалната програма на швајцарската влада за полициска соработка на Западниот Балкан, а за чијашто промоција и спроведување е задолжен Центар за контрола на вооружените сили (ДКАФ) од Женева, заедно со мисијата на ОБСЕ во Србија, којашто директно го спроведува проектот.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Регионалната процена на заканите од тешкиот и организираниот криминал (СОКТА) заеднички ја изработија стручните тимови на министерствата за внатрешни работи на Србија, Црна Гора и Македонија, со поддршка и техничка помош од експерти од Еуропол.

Оваа процена се базира врз податоци собрани во текот на изработката на националните процени на заканите, добиени од внатрешни (оперативни и разузнавачки податоци, поднесени кривични пријави, бази на податоци на министерствата за внатрешни работи и др.) и од надворешни извори (судски и други државни органи, владата и граѓанските организации, научно-образовните и истражувачки институции, приватниот сектор, како и од податоците собрани од отворени извори и медиуми).

Во текот на изработката се анализираше временскиот период од 1.1.2013 година до 31.3.2015. година[1].

Пред почетокот на работата, беше направен план на активности, беше одредена динамиката и усвоена методологијата за изработка на Регионалната процена на заканата, а самиот процес опфаќаше подготвителна фаза, фаза на собирање и консолидирање на податоците; фаза на анализа на податоците и фазата на изработка на документот; по што се пребегна кон дефинирање на претпоставкте за идниот развој на тешкиот и организираниот криминал.

Регионалната процена на заканата се однесува на сферата на тешкиот и организираниот криминал која е заедничка за најмалку две од трите земји кои учествуваат во проектот. При утврдувањето на темите посебно се анализираше искуството на оперативните работни ешалони, според видовите на кривичното дело; статистичките податоци за степенот, присуството и распространетоста на криминалните појави; степенот на организираност на сторителите; потенцијалната опасност и последиците за внатрешната безбедност на земјите-учеснички во проектот; приоритетите дефинирани од страна на стратешки документи; податоците и извештаите на други државни органи и организации, научни и образовни и истражувачки институции, како и организации на граѓанското општество и приватниот сектор. Предвид беа

1 Во текот на изработката на документот беа обработувани податоци коишто битно влијаеја на текот и развојот на одредена појава, па беше набљудуван и подолг временски период (како што е проблемот со нерегуларните миграции).

земени и искуството и процените на меѓународните институции и тела (ОН, Европол, Интерпол, СЕЛЕК, ФРОНТЕКС и др.).

Во оваа процена, под регион се подразбираат Србија, Црна Гора и Македонија.

Регионалниот извештај на СОКТА е изработен и објавен на јазиците на земјите-учеснички во проектот, како и на англиски јазик. Документот е од информативен карактер и изработена е само јавна верзија на документот.

# ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ

***Производството и трговијата со дрога*** во Србија, Црна Гора и Македонија претставува најдоминантна и најпрофитабилна форма на организиран криминал, со која се занимава најголемиот број на организирани криминални групи (ОКГ). Србија, Црна Гора и Македонија се транзитни земји за шверцот со дрога. Одредени количини остануваат на нивните територии за употреба или складирање, а за потребите на локалниот пазар нелегално се произведуваат марихуана и синтетички droги. Пазарот на дрога е динамичен со оглед на фактот што рутите што ги користат ОКГ во повеќето случаи се користат и за шверц на други видови производи (акцизна стока, цигари, итн.)

Балканските ОКГ учествуваат во шверцот со ***кокаин*** од Јужна Америка. Овој идентификуван тренд ќе продолжи да расте со постојана промена на модусот на шверцување со користење на софистицирани начини на криење и со модерните информатички технологии во комуникацијата. Со оглед на тоа што нелегалниот пазар на кокаин во Србија, Црна Гора и Македонија е мал, а продажната цена е висока, ОКГ ќе продолжат да ги извршуваат своите криминални активности надвор од територијата на трите земји.

Нелегалната трговија со ***марихуана*** беше во пораст сè до намалувањето на производството во Албанија, што имаше влијание врз порастот на цените и зголемување на бројот на нелегални лаборатории за производство на марихуана во природни услови и на модифицираната марихуана „сканк“ во вештачки услови. Србија, Црна Гора и Македонија и понатаму ќе бидат транзитна област за шверц на марихуана по балканската рута до земјите од Централна Европа.

Интензитетот и количините на ***хероинот*** кој се шверцува по централнобалканската рута до Западна Европа, е во опаѓање. Во иднина ќе се користат поморските патишта заради помалиот ризик од откривање и можноста за шверц на поголеми количини. ОКГ од Србија, Црна Гора и Македонија ќе ги фокусираат своите активности на шверцот на мали количини хероин, со почести заминување во земјите од Југоисточна Европа.

Производството на ***синтетички дроги и прекурсори*** во тајните лаборатории е во пораст. Се претпоставува дека на нелегалниот пазар во Србија, Црна Гора и Македонија, сè поголема опасност претставува производството на синтетички дроги и прекурсори во импровизирани лаборатории од тип на кујни, што ќе доведе до нивна ниска цена и поголема достапност.

***Криумчарењето нерегуларни мигранти*** како криминална дејност и понатаму е актуелно, а интензитетот на криумчарењето се менува во зависност од политичките одлу-

ки и преземените мерки во земјите од регионот и ЕУ. Земјите од регионот се соочуваат со засилен притисок на секундарната транзитна ирегуларна миграција како последица на променетите миграторни текови, условени од политичката и социо-економската ситуација во земјите од кои потекнуваат мигрантите (Блискиот и Средниот Исток, Северна Африка), што претставува главен двигател на миграцијата. Заради својата географска положба, во рамките на таканаречената западнобалканска рута, Македонија и Србија се позастапени како транзитна рута за секундарното движење на нерегуларните мигранти, додека Црна Гора досега беше погодена од овој проблем во помала мерка.

Бројот на откриени случаи на ***трговија со луѓе***, како и бројот на идентификувани и потенцијални жртви во Македонија, Србија и Црна Гора покажуваат дека проблемот на трговијата со луѓе е во опаѓање и не постои индикација за повисоко организациско ниво. Најризична категорија на лица за потенцијалните трговијата со луѓе се малолетниците и децата, и припадниците на ромската популација.

***Криминал со имотот*** е сериозна закана заради големиот број извршени кривични дела, износот на материјалната штета, односно стекнатата противправна имотна корист, како и силниот елемент на насилство во извршувањето на некои од облиците на овие дела.

Извршителите на најголемиот број дела од сферата на имотниот криминал се поединци или криминални групи. ОКГ во Србија и Македонија се претежно со понизок степен на организација, и се карактеризираат со мобилност и обезбедување на логистичка поддршка на територијата на извршување. Членовите на овие групи не прават само кривични дела поврзани со имотот, туку и други кривични дела.

Кривичните дела од сферата на ***стопанскиот криминал*** во земјите од регионот главно се манифестираат како шверц на акцизна стока, првенствено шверцот на цигари и кривични дела што се вршат за да се избегне плаќањето на даноците. Оние криминални активности се вршат главно од привремено здружени лица.

Развојот и сè поголемата употреба на електронското плаќање имаат големо влијание врз развојот на ***компјутерскиот криминал***. Интернет-форумите се местата каде што обично се разменуваат компромитираните податоци за сопствениците на платежните картички.

Сторителите и ОКГ кои се занимаваат со ***криминалот со платежните картички*** од Македонија и од Србија, сè повеќе своите активности ги насочуваат кон странство.

***Интернет измамите*** се сериозна закана за малите и средните претпријатија коишто при своето работење користат интернет. Достапноста и користењето на социјалните мрежи од страна на децата и малолетниците претставува висок ризик и влијае на зголемување на бројот на жртвите на сексуална експлоатација.

Во регионот доаѓа до преструктурирање на одредени ОКГ и формирање на мали меѓусебно спротивставени групи коишто продолжуваат со криминални активности. Ова преструктурирање е и причина и закана којашто најчесто води кон интензивирање на постојните конфликти.

# СФЕРИ НА КРИМИНАЛНО ДЕЛУВАЊЕ

## 1. ДРОГИ

Организираната трговија и шверц со дрога претставува најзастапен облик на организирано криминално делување во Србија, Црна Гора и Македонија. Дрогите што се предмет на криминалното делување на организираните групи се: кокаин, хеорин, марихуана и синтетичките дроги.

Со оглед на територијалното географско подрачје во кое ОКГ од Србија, Црна Гора и Македонија ги извршуваат своите криминални активности, предмет на анализа беа:

- криумчарењето, дистрибуцијата на дрогата за неовластено пуштање во промет во Србија, Македонија и Црна Гора;
- учеството на криминалните организирани групи од подрачјето на Србија, Црна Гора и Македонија во шверцот на дрогата преку балканската рута до Западна Европа;
- учеството на криминалните организирани групи од подрачјето на Србија, Црна Гора и Македонија во шверцот на дрогата од Јужна Америка и Југоисточна Азија.

Во последните две децении, земјите од Западен Балкан се соочуваат со значителни безбедносни проблеми, вклучувајќи го шверцот и продажбата на дрога, која останува еден од најопасните и најпрофитабилните форми на организиран криминал. Една од причините е постојаната побарувачка на дрога на пазарот во Западна Европа, што понатаму ги поттикнува организираните криминални групи, чиишто членови се државјани на Србија, Црна Гора и Македонија, да продолжат или да го засилат интензитетот на кривични дела на криумчарење и продажба на дрога, како на меѓународниот, така и на локалниот пазар.

Организираните криминални групи за шверц ги вложуваат парите што ги заработиле од продажбата на дрога во легални финансиски текови со помош на корупциски практики, што му нанесува штета на финансискиот систем. Од друга страна, профитабилноста на активностите поврзани со дрогата е мотивација за новите членови на ОКГ да се вклучат во овој вид криминал.

Политиката насочена кон намалување на понудата и побарувачката на дрога и во Србија, Црна Гора и Македонија, се состои од утврдување на стратегиска, правна и институционална рамка. Покрај кривичните дела кои се однесуваат на производството и трговијата со дрога, нивната злоупотреба директно или индиректно влијае на појава на извршување кривични дела против имотот и кривични дела со елементи на насилство.

Трговијата со дрога на ОКГ им носи високи профити, заради што се предизвикува голема конкуренција и конфликти, што може да доведат до убиства на членови на конкурентските ОКГ. На територијата на Србија и Црна Гора конкуренцијата меѓу спротивставените ОКГ, заради освојување нови пазари на дрога, доведува до убиства на членови на балканските организирани криминални групи кои активно учествуваат во шверцот на кокаин од регионот на Јужна Америка за Западна Европа.

Покрај безбедносните последици, видливи се и последиците во областа на социјалната и здравствената заштита, преку зголемување на трошоците на лекувањето, третманот и социјалната грижа за зависниците.

Апсењето на одредени членови на ОКГ коишто се занимаваат со неовластено пуштање на дрогата во промет, не е гаранција дека ќе престанат нивните криминални активности, затоа што структурата на ОКГ е таква што тие и од затворите активно го координираат и го организираат производството и трговијата со дрога.

Брзиот технолошки развој, примената на современите технологии во комуникациите и транспортот на ОКГ им создаде поголеми можности за подобра соработка, а помал ризик за нивно откривање. Можностите за трговија со дрога се зголемија, наведените трендови одат со брзина којашто унифицирањето на правната рамка не може да ја следи, што претставува голема пречка за соработката и нивото на ефикасност на полицијата и правосудните органи.

Главните рути за трговија со дрога постојано се менуваат и се приспособуваат според активностите за органите спроведување на законот, како и заради интензивното користење на нова транспортна инфраструктура. Поради тенденцијата трговијата со дрога да оди по поморски и воздушен пат, што е карактеристично за кокаинот и хероинот, може да се заклучи дека Србија, Црна Гора и Македонија ја играат улогата на логистичка база за организирање и спроведување на активностите на ОКГ во странство. Дрогата произведена во Србија главно се продава на домашниот пазар (марихуана и синтетички дроги), а во помала мера се шверцува на други пазари. Во Македонија и Црна Гора марихуаната се произведува за локалните пазари.

## 1.1. КОКАИН

Во трговијата со кокаин преку рутата Јужна Америка – Европа учествуваат балкански ОКГ кои својата криминална активност ја насочуваат кон меѓународниот пазар.

Кај трговијата и неовластената продажба на кокаин, балканските ОКГ се здружуваат на основа на географското потекло, криминалното минато, роднинските врски и непостоењето на јазичните бариери во комуникацијата и заедничката работа.

Ограниченоста на пазарот на кокаин во Србија, Црна Гора и Македонија, високата цена и нискиот стандард имаат влијание врз трендот на намалување на побарувачката на кокаин на локалниот пазар, што го условува делувањето на ОКГ во странство.

Балканските ОКГ со продажбата на кокаин во Западна Европа стекнуваат профит и до 100 милиони едва годишно по група. Остварениот профит, со помош на корупциски дејствија, се пласира во легалните парични текови и на тој начин им се нанесува штета на финансиските системи на Србија и Црна Гора.

### Глобалната природа на проблемот

Најголеми производители на кокаин во светот се подрачјето на Јужна Америка. Боливија, Колумбија и Перу се земјите од кои тргнуваат шверцерските групи кон главните потрошувачки пазари во Северна Америка и Западна и Централна Европа[2].

### Состојбата во регионот

Балканските ОКГ играат важна улога во целиот синџир на шверц, од набавката, па до продажбата на улица. Во земјите од Јужна Америка, со цел да се воспостават контакти со јужноамериканските картели за дрога за набавка и транспорт на кокаинот со прекуокеански бродови, престојуваат и се ангажираат морнари кои за одреден финансиски надомест го транспортираат кокаинот во земјите од Европа и го организираат прифаќањето на кокаинот од бродовите во пристаништата во некои од земјите на Западна Европа или на отворено море. Потоа, тие ги надгледуваат активностите за продажбата на кокаинот во земјите на крајна дестинација.

Комплексноста на шверцот на кокаин зависи од оддалеченоста на земјите на потекло и главните пазари на кокаин, со користењето различни средства за транспорт и учеството на голем број членови на ОКГ, патните трошоци, престојот, организацијата на шверцот, со што се зголемува цената на кокаинот во европскиот пазар. За ова говори и фактот што една балканска ОКГ, соработувајќи со други групи (услуги на набавка, транспорт, влез во Европа, складирање и испорака до дилерите на одредениот западноевропскиот пазар) во текот на годината неколку пати шверцува вкупно 500-1,000 килограми кокаин (околу 1 промил од светското производство), со што може да заработи годишен профит од 15 до 30 милиони евра, со оглед на тоа

2 EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.

дека уличната цена на кокаинот во Западна Европа се движи од 75 до 80.000 евра. Профитот се зголемува на 70 до 100 милиони евра годишно во случаи кога ОКГ учествуваат и во улична продажба во Западна Европа

Во Србија, Црна Гора и Македонија кокаинот се шверцува во помали количини, исклучиво за потребите на локалниот пазар, како од земјите од Западна Европа така и во одредени случаи, преку курири, од земјите на Јужна Америка, со авион во посебно подготвен багаж за таа прилика, во телесните шуплини (најчест пример се голтачите), но и преку поштенски пратки. Анализите на запленетиот кокаин покажуваат дека жаришните точки се граничните премини.



Слика 1: ***Рутата на кокаинот***

Безбедносните последици од учеството на државјани на Србија и Црна Гора во ОКГ кои се занимаваат со трговија на кокаин, произлегуваат и од фактот дека примарен фактор за здружување и делување на овие групи е енормниот профит. Секоја недисциплина во спроведувањето на договорените активности, како откривањето на ОКГ и запленувањето на кокаинот, доведуваат до меѓусебни пресметки и убиства меѓу членовите на овие групи на територијата на Србија и црна Гора, како и во земјите од кои потекнува кокаинот (Јужна Америка).

Најсериозната закана за Србија и Црна Гора, чиишто државјани ја сочинуваат балканската ОКГ, е вложувањето на профитот стекнат со организиран криминал во легалните стопански и други текови. Дел од стекнатиот профит се користи за корупција на главните учесници во перењето на парите стекнати со шверц на кокаин.

| ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ |
|---|
| Ќе продолжи растечкиот тренд на трговијата со кокаин по рутата Јужна Америка – Европа во која се вклучени балканските ОКГ. |
| ОКГ кои се занимаваат со криумчарење кокаин ќе користат сè пософистицирани методи на делување. |
| Профитот што го остваруваат ОКГ од трговијата со кокаин и понатаму ќе се користи за корупциски активности и ќе се пласира во легални парични токови. |
| Заради високата цена, достапноста на кокаинот на локалниот пазар Србија, Црна Гора и Македонија ќе продолжат да бидат ограничен пазар, што, пак, ќе влијае ОКГ да ги продолжат своите активности во странство. |

## 1.2. ХЕРОИН

| |
|---|
| Трговијата со хероин по рутите што водат преку земјите на Југоисточна Европа и понатаму е актуелна. |
| Користењето на новите модуси влијае и на промената на рутата и на создавање на подрути кои служат за криумчарење на хероинот. |
| Трговијата со хероин преку Југоисточна Европа е најинтензивна по балканската рута. |
| Хероинот со несмален интензитет се криумчари по северобалканската и јужнобалканската рута, додека централнобалканската рута загуби од својата актуелност, а со тоа и Србија, Црна Гора и Македонија како транзитни земји во криумчарењето на хероинот кон земјите од Западна Европа. |

### Глобалната природа на проблемот

Севкупното светско производство на опиум за 2014. година изнесува 7.554 тони, од кои 85% се произведени во Авганистан.[3] Производството на хероин во Авганистан се зголеми со тенденција завршната фаза на производството да се пренесе на пазарот во Европа.[4]

### Состојбата во регионот

Со актуализација на северобалканската и јужнобалканската рута на криумчарење на хероинот, централнобалканската рута, која делумно минува низ територијата на Србија и Македонија, стана помалку актуелна.

3 UNODC, World drug report, 2015.

4 EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.

До промена на актуелноста на шверцерските рути дојде поради поинтензивното користење на новите сообраќајни структури (во Албанија, автопатот Приштина – Драч) и поморските пристаништа (Албанија и Грција)

Хероинот од правец на Грција и Бугарија се криумчари по централната балканска рута до подрачјето на Косово*[5], кон централна Србија, а исто така и од правецот на Бугарија во Србија, каде што шверцерските канали се спојуваат и по Коридорот 10 продолжуваат кон пазарите на Западна Европа.

Клучна област за шверцот на хероин во Црна Гора останува областа околу Пеќ во Косово, од каде што преку каналот на северот од Црна Гора се шверцува хероин кон централниот и јужниот дел на земјата, главно за потребите на домашниот пазар. Друг правец на влез на хероинот во Црна Гора е од областа на Скадар во Албанија. Хероинот кој се шверцува во Црна Гора преку наведениот правец не е наменет само за домашниот пазар туку и за понатамошно криумчарење кон БиХ и Хрватска.



Слика 2: ***Рутата на хероинот***

И понатаму како доминантен фактор за кохезија на ОКГ, кои се занимаваат со трговија на хероин за профит, се заедничкото етничко потекло, што особено е изразено во врските со земјите што важат за главни снабдувачи на хероин. Овие ОКГ често се карактеризираат со строга внатрешна дисциплина, подготвеност да се примени насилство и силно чувство на самозаштита со заговор на молчење. Со користење на роднинските и пријателските врски, структурата на ОКГ се зацврстува по текот на целата шверцерска рута, со спојување на производителите на исток до крајните дистрибутери на запад. Некои ОКГ организираат и улична продажба на хероин во

5 *Секое споменување на терминот Косово, без разлика дали се однесува на територија, институции или население, во овој текст треба да се толкува во целосна согласност со Резолуцијата на Советот на безбедност на ОН 1244.

некои држави на ЕУ, а водачите честопати регрутираат државјани од регионот коишто имаат лични документи од земјите-членки на Европската Унија.

Реализираните заплени на хероин во Србија и Црна Гора, покажуваат дека бил наменет за продажба на улиците, а помал дел за криумчарење кон земјите на ЕУ. Организираниот криминал е фокусиран кон домашниот пазар на хероин, додека организираниот криминал во Македонија е насочен кон меѓународниот пазар.

За криумчарење на хероинот преку Србија, Црна Гора и Македонија се користат превозни средства по патен и железнички сообраќај, најчесто автомобили, шлепери со храна и расиплива стока за да се избегне подолгото задржување на граничните премини. Хероинот е скриен во специјално изградени шуплини во возилата.

Дистрибуцијата на хероинот на локалниот пазар непосредно или посредно влијае на зголемувањето на кривичните дела од сферата на имотните деликти и кривичните дела против бракот и семејството, со што се создаваат сериозни проблеми во сферата на социјалната и здравствената политика.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ

Дислоцирањето на рутите со изградбата на патната инфраструктура во регионот и тенденциите на пораст на трговијата со хероин по поморски пат, ќе влијае врз намалувањето на транспортот и шверцот на хероин низ централнобалканската рута на која се Србија, Црна Гора и Македонија.

ОКГ од Србија, Црна Гора и Македонија ќе ги насочат своите активности на криумчарење на помали количини хероин кои ќе бидат наменети за потребите на локалниот пазар, со почесто заминување кон земјите на Југоисточна Европа.

Организираните криминални групи ќе продолжат со регрутирање на балканските државјани за засилување на дистрибутивните мрежи на хероин на европскиот пазар.

## 1.3. МАРИХУАНА

Марихуаната, во глобалните размери, се чини дека е најзастапена дрога, лесно достапна, присутна во големи количини по ниска цена.

Албанија е најголемиот производител на марихуана во вој дел на Европа, од каде што главно се дистрибуира во Грција и Италија, а во помала мерка, кон Црна Гора, Србија и Македонија и понатаму преку балканската рута кон земјите на Централна Европа.

### Глобалната природа на проблемот

Земјите од каде што марихуаната најчесто доаѓа на европскиот пазар се Мароко и Авганистан, додека во помала мерка доаѓа од Албанија, Холандија и Шпанија. Производството на марихуана во Европа во последните години се зголеми, пред сè заради нејзино одгледување во затворен простор.

### Состојбата во регионот

Марихуаната од Албанија се криумчари и се дистрибуира во еден дел преку Јадранското Море (со глисери или траекти од албанските пристаништа Драч и Валона), директно во Италија и Грција, до дестинациите во Велика Британија и другите земји во Западна Европа.



Слика 3: ***Рутата на марихуаната***

Останатите правци одат по копнен и воден пат (Скадарско, Охридско и Преспанско Езеро), кон значајната транзитна точка Црна Гора, Србија и Македонија, а потоа во земјите од Западна Европа.

Еден правец води преку подрачјето на Косово во централна Србија и се приклучува на централниот крак на балканската рута која води во Западна Европа. Преку другиот правец марихуаната се криумчари од Албанија, преку Македонија и Грција, а потоа по морски пат кон Западна Европа.

Како резултат на значајните полициски операции спроведени во Албанија во изминативе неколку години дојде до значително намалување на понудата на марихуана на локалниот пазар на Србија, Црна Гора и Македонија. Намалувањето на понудата доведе до зголемување на цените и до 300%, што доведе до интензивирање на производството на марихуана во трите земји.

За да се намали ризикот од откривање и заплена на шверцуванта марихуана, ОКГ ја складираат марихуаната во пограничните зони, а потоа, во помали количини, постојано ја шверцуваат во Западна Европа. Криминални групи се со мешан состав.

ОКГ коишто се занимаваат со шверц на марихуана генерираат високи профити делумно заради краткото растојание помеѓу местото на потекло и крајната дестинација, со што се намалуваат трошоците за превоз и ризикот од откривање.

Помала количина марихуана која се шверцува по централната балканска рута, останува за потребите на локалниот пазар. ОКГ учествуваат како во ланецот на шверц така и во дистрибуцијата на марихуана на домашниот пазар. Со производството и шверцот на „сканк“ и билниот канабис се остварува голем профит, што укажува на поврзаноста на ОКГ и полесната дистрибуција во Западна Европа. Добиенот профит ОКГ го уфрлуваат во легалните економски текови. Перфидноста на криминалните групи и поединци се рефлектира во вештото прикривање и контрола на производството што се извршува во руралните области на Србија, додека во Македонија и Црна Гора производство на марихуана се одвива на мали површини во руралните средини каде што ја одгледуваат поединци за потребите на домашниот пазар.

Покрај легалните гранични премини, марихуаната се шверцува и по илегални премини, а во прилог на тоа оди исклучително непристапната конфигурација на теренот преку планински венци и големи езера, а како една од специфичностите се појавува и криумчарењето на марихуаната со помош на натоварен добиток.

Лошата економска ситуација и брзата заработка се фактори што влијаат на оваа криминална активност. Монолитниот пристап на трговијата со дрога сѐ повеќе му отстапува место на прометот со повеќе врсти дрога и производството на модифицираната марихуана „сканк“, којашто заради високата побарувачка е чувствителна на секоја промена на пазарот.

**ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ**

Организираните криминални групи кои се занимаваат со други форми на криминал (вршење кривични дела со имотот и со криумчарење со акцизна стока) ќе ја пренасочат својата дејност на производство и трговија со марихуана, поради високата побарувачка на пазарот и стекнувањето голем профит.

Марихуаната и понатаму ќе биде лесно достапна за потребите на локалниот пазар, по ниска набавна цена, што ќе доведе до поголем број корисници.

Примената на современите информациски технологии за онлајн пристап до експертизата и продавниците со опрема за одгледување на семето на канабис во Европа, ќе влијае на зголемувањето на бројот на илегални лаборатории за производство на марихуана во природни услови и модификувана марихуана „сканк“ во вештачки услови за потребите на локалниот пазар во Србија, Црна Гора и Македонија.

## 1.4. СИНТЕТИЧКИ ДРОГИ

Во споредба со другите дроги, пазарот на синтетички дроги е најдинамичен, со оглед на интензитетот и трендот на новите синтетички дроги,

Синтетичките дроги произведени во Западна Европа и понатаму се запленуваат на балканската рута, движејќи се на исток.

Посебен проблем претставува и зголемувањето на трговијата со синтетички дроги на интернет.

### Глобалната природа на проблемот

Производството на амфетамини и екстази најмногу е концентрирано во Холандија, Белгија и Полска,[6] а светскиот тренд на производство на синтетички дроги е да се префрли производството во оние земји каде што нема строга контрола на прекурсорите (Кина, Индија и Пакистан).

### Состојбата во регионот

Географската положба на Србија и Македонија го одредува нивниот транзитен карактер, бидејќи тие се наоѓаат на т.н. централнобалканска рута, која се користи за шверц на синтетички дроги и прекурсори, како од запад кон исток (од Холандија преку други земји во ЕУ), така и од исток кон запад (од Азија во земјите на ЕУ).

Положбата на Србија и Македонија овозможува дел од шверцуваните синтетички дроги и прекурсори да се задржат на локалниот пазар, со што се зголемува нивната достапност.

6 2015 ЕМЦДДА, Европски извештај за дрогите, 2015.



Слика 4: ***Рутата на синтетичките дроги***

Поради близината на централбалканскиот пат, синтетичките дроги влегуваат во Црна Гора главно од правец на Србија. Голем број на запленетите синтетички дроги и прекурсори во последните пет години на територијата на Србија и Црна Гора, укажуваат на зголемување на потрошувачката на овие видови дроги.

Србија е единствената земја на Балканот, со исклучок на Бугарија, во која е забележано производство на амфетамини, метамфетамини и обид за производство метаквалон (дизајнерска дрога), што претставува единствен случај во Европа. Локалниот пазар во Србија се снабдува со синтетички дроги и од нелегалното производство во земјата. Во Македонија, синтетичките дроги влегуваат од Србија и Бугарија, а се наменети за задоволување на потребите на локалниот пазар. Присутна е појава на нови психоактивни супстанции на територијата на Црна Гора и Македонија ( «MDPV methylendioxypirovaleron», «Ц-25 NBOM» и «Б-25 NBOM»).

Некои ОКГ што се занимаваат со производство на синтетички дроги и прекурсори и се составени од членови кои го имаат потребното знаење и искуство во врска со производството на овие дроги, се обидуваат да го организираат производството и во странство од каде што би вршеле дистрибуција на најголемите пазари во Европа и Азија, а делумно и за потребите во Србија, Црна Гора и Македонија.

Лошата економска ситуација, достапноста на евтина опрема и хемиски компоненти за производство на синтетички дроги, како и ниската цена на локалниот пазар, му оди во прилог на производството на синтетички дроги и прекурсори во тајни лаборатории. Начинот на шверцување е со користење на курири, во скриени шуплини на транспортни средства и во меѓународните пратки.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ

Шверцот на синтетички дроги и прекурсори од земјите од Европа на територијата на Србија, Црна Гора и Македонија, ќе го зголеми на бројот на корисници. ОКГ ќе се фокусираат на производство на лаборатории од тип на кујни, што ќе се одрази во зголемување на достапноста на синтетичките дроги и прекурсорите за потребите на локалните пазари и директно ќе влијаат на ниската цена.

Со оглед на побрзиот пристап до суровините и полесната дистрибуција на меѓународниот пазар покрај локалниот, ОКГ ќе ги насочат своите активности и на производство и криумчарење на синтетичките дроги и прекурсори во земјите на Југоисточна Европа и Азија.

Појавата на нови и нерегистрирани психоактивни супстании може значително да влијае врз примената на глобалната слика на илегалниот пазар на дрога на територијата на сите три земји, но и во поширокиот појас на Балканскиот Регион.

# 2. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ – НЕРЕГУЛАРНИ МИГРАЦИИ

Политичката и социо-економската ситуација во земјите од кои потекнуваат мигрантите (Блиски и Среден Исток, Северна Африка) се главните движечки фактори на нерегуларните миграции кои ги зафаќаат земјите од Западен Балкан.

Заради својата географска положба, Македонија и Србија се застапени како транзитна рута за секундарното движење на нерегуларните мигранти во таканаречената западнобалканска рута, додека Црна Гора досега е зафатена со овој проблем во помала мерка.

Криминалните групи кои се вклучени во организација на трговијата со луѓе во една земја соработуваат со групите од соседните земји на западнобалканската рута.

Криминалната активност на криумчарење на нерегуларните мигранти и понатаму е актуелна, а интензитетот на криумчарење се менува главно во зависност од политичките одлуки и преземените мерки во земјите на регионот и ЕУ.

## Глобална природа на проблемот

Миграторните текови кон Европа се променија како последица на случувањата, посебно на вооружените конфликти на Блискиот и Средниот Исток и ситуацијата во Северна Африка. Во 2015 година, Европа се соочи со феноменот на мешана миграција, со оглед на фактот дека економските мигранти и бегалците од областите зафатени од војна во најголем број случаи патуваат заедно, па заради тоа и се совпаѓаат.

Неможноста за нивно целосно разграничување и идентификација дополнително ја отежнува ситуацијата и во земјите на крајна дестинација и во транзитните земји. Во 2015 година, повеќекратно е зголемен бројот на лица кои се обидуваат нерегуларно да ја минат надворешната граница на ЕУ во однос на претходната година, а уапсен е голем број трговци со луѓе.

## Состојбата во регионот

Криумчарењето нерегуларни мигранти, покрај криумчарењето дрога, е најзначајна криминална активност која се одвива по западнобалканската рута. Македонија, Србија и Црна Гора, како ни останатите држави од Западниот Балкан, не се крајното одредиште за нерегуларните мигранти, туку се транзитни земји како дел од секундарното движење во кое мигрантите провремено се задржуваат на патот кон европските земји.



Слика 5: ***Западно-балканската рута***

Интензитетот на нерегуларните миграции кон западнобалканската рута во 2015 годинам во однос на претходните години, значително се промени и еволуира во однос на земјите на потекло на мигрантите, бројот на регистрирани мигранти, структурата на лицата што транзитираат, како и начинот на минување на државните граници. Во 2015 година, бројот на мигранти што транзитирале долж западнобалканската рута енормно се зголеми кон средина на годината, а заедно минуваа и економски мигранти и мигранти од областите зафатени со војна.

Се менуваше и структурата на мигрантите – првобитно над 80% беа мажи, а потоа структурата се промени, па се зголеми присуството на жените и децата.

Измените во законската регулатива за политиката на азил во некои од земјите во регионот привремено ја олесниja ситуацијата за сите мигранти, и ја намалија можноста за криминално делување, сè додека државите долж западнобалканската рута не почнаа да ги применуваат мерките донесени врз основа на одлуките на земјите на ЕУ, односно да ги прифаќаат само мигрантите од подрачјата од Блискиот и Средниот Исток (Ирак, Сирија и Авганистан) кои беа зафатени со војна. Ова предвизвика интензивирање на активностите на ОКГ вклучени во криумчарење на економските мигранти. Најчестите земји на потекло на нерегуларните мигранти преку западнобалканската рута беа: Сирија, Авганистан, Ирак, Иран, Бангладеш, Либија, Пакистан, Мароко, Тунис, Алжир и Сомалија.

Шверцот на луѓе, како форма на организиран криминал кој обично произлегува од илегалната миграција, ја извршуваат организирани криминални групи кои се разликуваат во големина и способност. ОКГ обично имаат лабава мрежна структура специјализирана за одредени фази на трговија со луѓе, често соработуваат, имаат чести промени на членовите и нивните улоги; постои и голем број на ад хок формирани групи од мешан состав со државјани од земјите на регионот и членови од земјите на потекло на мигрантите, како и лица со криминална позадина – посред-

ници и даватели на различни услуги. Беше регистрирано и дека во оваа криминална активност за транспорт на мигрантите во влезната точка на регионот (Македонија) почнаа да се вклучуваат и граѓани на други земји (Грција, Бугарија, Албанија и др.).

За индивидуални услуги ОКГ го користат локалното население во пограничната област (водичи, возачи и друг персонал, кои се одговорни за обезбедување на сместување), кои се ангажираат по потреба и често се менуваат. Покрај тоа, во извршување на одредени активности ОКГ ги вклучуваат и илегалните мигранти, особено оние кои немаат доволно финансиски средства за да ги платата за трошоците за превоз, па вака можат да ги отплатат своите долгови.

ОКГ во регионот, коишто работат на меѓународно ниво, се потпираат на контакти во земјите на потекло на илегалните мигранти и контакти во дијаспората, во земјите на транзит и земјите на дестинација (ЕУ). Овие типови ОКГ им обезбедуваат различни услуги на илегалните мигранти од организирање на превоз и сместување, до обезбедување фалсификувани документи за да им се олесни влезот на територијата на ЕУ. ОКГ кои работат само на национално ниво се главно одговорни за прифаќање, обезбедување на привремено сместување и превоз на територијата на една од земјите во регионот.

Мигрантите им го плаќаат транспорт на криминалните групи обично со плаќање во готово или со користење на услугите на брз трансфер на пари. За транспорт на мигранти од Грција, преку Македонија до Србија се наплатува од 300 до 1.500 евра по лице, во зависност од начинот на транспорт, квалитетот на сместување и други услуги. Парите обично му се предаваат однапред на лице во еден од поголемите градови во Грција, а во некои случаи, директно на возачот кој врши превоз или правното лице кое е претходница на возилото со кое превезуваат мигрантите.

Копнениот транспорт се извршува најмногу со патнички возила, такси или комбија во близината на граничниот премин, по што водичите им овозможуваат на имигрантите да ги избегнат граничните премини и да преминат преку „зелената граница". Шверцерите-водичи ретко ја минуваат границата заедно со мигрантите, туку ги испраќаат сами, со инструкции каде да се движат до следната договорена точка или ги упатуваат на меѓуградски јавен превоз.

Како отежнувачка околност за органите на прогонот во откривањето на работата на ОКГ, во чиј состав има членови кои доаѓаат од земјите на потекло на мигрантите, се истакнува фактот дека тие за меѓусебна комуникација ги користат јазиците (урду и паштру), за кои е многу тешко да се најдат толкувачи.

ОКГ ги кријат своите криминални активности, така што користат современи методи на комуникација и нови технологии во давањето инструкции на ирегуларните мигранти (ГПС и електронски карти), со што се избегнува директен контакт.

ОКГ ја користат ситуацијата во која се наоѓаат економските мигранти кои не можат да го остварат своето право на влез и престој во ЕУ на законски начин, па со нивниот шверц остваруваат профит. Имено, за време на профилирањето на мигранти-

те на влезната точка во регионот (Македонија) е забележано огромно зголемување на бројот на фалсификувани документи (главно потврди издадени од Грција), каде што е напишано дека лицата се од области зафатени од војна, но во основа станува збор за економски мигранти.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ

Политичката, безбедносната и економската ситуација во земјата на потекло ќе продолжи да биде главниот фактор за нерегуларните миграции, каде што балканската рута и во иднина ќе остане атрактивна со можности за засилување на интензитетот кон Бугарија, Албанина и Црна Гора.

Одлуките на земјите членки на ЕУ и земјите долж трасата за прием на мигранти од области погодени од војна, може да доведе до зголемување на бројот на мигранти кои ќе престојуваат на територијата на Србија и Македонија, и може да се очекува и нивното заминување по алтернативни патишта преку Албанија и Црна Гора.

Активностите на организираните криминални групи вклучени во шверцот на мигранти, ќе се засилат како резултат на политичките одлуки на земјите од ЕУ кои се однесуваат на затворање на границите, и на примање помал број мигранти.

Може да се очекува дека ОКГ ќе се вклучат и во фалсификување документи заради полесно криумчарење со луѓе.

# 3. ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Бројот на откриени случаи на трговија со луѓе, како и бројот на идентификувани и потенцијални жртви во Македонија, Србија и Црна Гора укажуваат на тоа дека проблемот на трговија со луѓе е во опаѓање.

Најризичните категории на лица за потенцијална трговија со луѓе се малолетниците и децата и припадниците на ромската популацијација.

Кај трговијата со луѓе не се регистрирани ОКГ кои се занимаваат со оваа криминална активност, туку евидентиран е одреден број на поединци – извршители на овие кривични дела. Но, оваа област заслужува да биде предмет на посебен интерес заради загрозување на основните човекови права и слободи.

### Глобалната природа на проблемот

Трговијата со луѓе е еден од растечки облици на транснационален криминал, кој се карактеризира со висок профит и низок ризик, како и со голем број на случаи. Главните движечки механизми на трговијата со луѓе се постојаната побарувачка на услуги поврзани со сексуална и трудова експлоатација, како и постоењето на социо-економски разлики меѓу развиените земји и земјите во развој.

Еден од најважните фактори кои влијаат на овој вид криминал се современата информатичка и комуникациска технологија, односно злоупотребата на интернетот и социјалните мрежи. За да се држи жртвата под контрола се помалку се користи физичкото насилство а повеќе психолошкото насилство и т.н. меки методи (емоционална зависност, споделување на профитот со жртвите, злоупотреба на дрога за контрола на жртвите, итн.)

### Состојбата во регионот

Во земјите од регионот кај трговијата со луѓе не се регистрирани ОКГ кои се занимаваат со овој вид криминал, но евидентиран е голем број на поединци – сторители на овие кривични дела.

Најголемиот број од идентификуваните жртви на трговијата со луѓе на Западен Балкан се полнолетни лица, иако од 2012 година е забележан пораст и на бројот на малолетници и деца. Покрај главните форми (сексуалната и експлоатацијата на трудот) има и случаи на трговија со луѓе за присилни бракови, питачење и друго.

Жртвите најчесто се регрутираат од дисфункционални семејства, се карактеризираат со неповолен социо-економски статус и ниско или средно образование, а повеќето од нив се без постојана работа. Жртвите идентификувани во Србија, во повеќето случаи, се државјани на земјата, додека во Македонија, подеднакво се застапени жртви со државјанство на Република Македонија, како и државјани на соседните земји.

Особено ранливи категории на лица со зголемен ризик да станат жртви на трговија со луѓе, се нелегалните мигранти кои се во транзит низ Србија и Македонија (посебно децата и жените кои патуваат со придружба, но почесто без неа).

Покрај малолетниците и децата, една од ризичните категории за трговијата со луѓе се припадниците на ромската популација, кои се повеќекратна ранлива група која е најчесто изложена на сексуална експлоатација, присилни бракови, питачење и друго.

Проституцијата и „забавната индустрија" која вклучува сексуална експлоатација, особено во приморските места во Црна Гора за време на туристичката сезона, како и во угостителските објекти во градовите од Западна Македонија и Србија е потенцијален ризик и плодна почва за појава на кривични дела поврзани со трговија со луѓе.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ

Во наредниот период може да се очекува дека илегалните имигранти кои транзитираат низ Србија и Македонија (посебно децата и жените кои патуваат со придружба, но често и без неа) се изложени на зголемен ризик да станат жртви на трговија со луѓе.

Државјаните на земјите од регионот кои престојуваат во ЕУ и немаат регулиран статус можат да бидат потенцијални жртви на трговијата со луѓе во земјите на ЕУ или на кој било вид експлоатација.

Внатрешната трговија со луѓе во земјите кои се предмет на следење и понатаму ќе биде во директна зависност од социјално-економскиот статус на потенцијалните жртви во земјите на регионот и се очекува да остане на истото ниско ниво.

# 4. КРИВИЧНИ ДЕЛА ПРОТИВ ИМОТОТ

Кривичните дела против имотот се сериозна закана за личната и имотната безбедност на граѓаните, со оглед на големиот број кривични дела во оваа област, износот на материјалната штета, како и начините на извршување на овие дела.

Зголемен е бројот на тешките облици на кривичните дела против имотот, чија последица е поголема материјална штета, стекнување значителна противправна имотна корист, како и организирано извршување на овие кривични дела во однос на одредени објекти на напад или посебно чувствителните категории на оштетените.

Во земјите во регионот висока е бројката на лихварството, така што бројот на овие регистрирани кривични дела не го одразува вистинскиот обем на криминалните активности.

Србија, Црна Гора и Македонија се транзитно подрачје и одредиште за моторни возила, градежни и работни машини кои се противправно стекнати, главно во западноевропските земји и земјите во опкружувањето.

Криминалните групи и ОКГ коишто примарно се занимаваат со имотниот криминал, својата криминална активност ја насочуваат и кон други, попрофитни облици на криминал.

## Глобалната природа на проблемот

Повеќе од половината од вкупниот број кривични дела спаѓа во областа на имотниот криминал. Од година в година, трендовите на пораст или намалување на бројот на овие дела се разликуваат од земја до земја. Според процените на Еуропол, на секоја 1,5 минута се извршува некое дело против имотот, а во некои земји бројот на овие дела е поголем од 1.000 во еден ден.

Во земјите на ЕУ, овие криминални активности обично се вршат од страна на мобилните ОКГ кои по завршувањето на серија кривични дела извршени во една област, ги пренасочуваат своите активности во другите региони, со што го избегнуваат нивното откривање. Евидентирана е активност на ОКГ од територијата на земјите од Западен Балкан во земјите на ЕУ.

## Состојбата во регионот

Земјите во регионот обрнуваат посебно внимание на имотниот криминал како на сериозна закана за личната и имотната безбедноста на граѓаните, не само поради големиот број кривични дела и висината на материјалната штета или противправно стекнатата имотна корист, туку и поради изразениот елемент на насилство во извршувањето на некои од овие дела.

Во последно време, делата поврзани со имотниот криминал се во благ пад, но нивната застапеност е пропорционална со големината на градовите и густината на населението, како и од инфраструктурата од која зависат објектите што се предмет на напади и методите на извршување.

Карактеристично е тоа што поединците и криминалните групи ги извршуваат овие дела обично во серии и на локално ниво, а по извршувањето на кривичното дело и поделбата на пленот, членовите на групата се разделуваат. Парите добиени со криминални активности ги трошат за свои цели или ги употребуваат за извршување на други кривични дела.

Сторителите многу често ги поврзуваат заедничко криминално минато или финансиски интереси. Тие не извршуваат само кривични дела поврзани со имотот, туку и други дела, најчесто поврзани со шверц на наркотици.

Забележано дека државјаните на земјите од опкружувањето ги извршуваат кривичните дела против имотот на територијата на Србија, Црна Гора и Македонија или самостојно или во соработка со локалните државјани, користејќи различни погодности како што се роднинските и други врски, близината на границата, но евидентирано е здружување на сторители во ОКГ со мешан етнички состав и кои делуваат на територијата на ЕУ. Цел на нападите на овие групи се главно продавници со скапоцена стока, како што се часовници, накит и злато.

Фактори кои го олеснуваат извршувањето на кривичните дела против имотот, покрај отсуството или несоодветните мерки на физичка и техничка заштита на објектите кои се цел на напади, се и економската и социјалната криза, поврзаноста со лица од криминогена средина и членовите на ОКГ, како и цврстите и силните роднински врски на територијата на која е сторено делото. Ефектите од генералната превенција на криминалот од овој вид обично изостануваат, што најмногу се должи на благата казнена политика, за што сведочи и големиот број на повратници и специјални повторни сторители на овие кривични дела.

## 4.1. ТЕШКИ КРАЖБИ И РАЗБОЈНИШТВА

Сторители на најголем број тешки кражби и разбојништва се поединци често од категоријата на повратниците, а неретко и од специјализираните повратници. Меѓу сторителите има зависници од опојни droги, кои, главно, ги извршуваат делата во малопродажни продавници и аптеки, но исто така и во станбени згради користејќи погодност на ситуацијата. На територијата на Србија и Македонија беа евидентирани и мобилни ОКГ формирани ад хок, со логистичка поддршка на територијата на која биле извршени кривичните дела.

При извршување на определени кривични дела од овој вид таму каде што целта на нападот бара употреба на посебни вештини или користење на специјални алатки и други ресурси за да се надминат пречките, сторителите ангажираат и специјалисти. Алатот и специјалните средства се набавуваат главно од странство, но за извршување на делото се користат и рачно изработени или модификувани алатки и физичка сила.

Најчестите цели на напад се таканаречените типувани станбени објекти, старечки домаќинства во руралните и приградските населби, но и деловни објекти во помалку фреквентни места или без соодветни системи за заштита.

## 4.2. МОТОРНИ ВОЗИЛА

Бројот на кривични дела поврзани со моторните возила во Србија, Црна Гора и Македонија бележи опаѓање, но се зголеми бројот на кражби на скапи возила, главно од странско производство. Оваа криминална активност е поврзана и со други кривични дела (трговија со дрога, измама, проневера, перење пари, фалсификување, итн), којашто може да се спроведува и со цел на извршување на други кривични дела. На територијата на Црна Гора забележана е тенденцијата на поголем број на кражби на моторни возила со странски регистарски таблички за време на туристичката сезона.

Србија, Црна Гора и Македонија се главно дестинација и транзитна област за возила и градежни и работни машини украдени пред сè во земјите од Западна Европа и земјите од опкружувањето. Украдените моторни возила од европските земји се шверцуваат во земјите во регионот, а во зависност од понудата и побарувачката, има и обратни случаи. Украдените возила во мал број случаи се продаваат на територијата на регионот, додека еден дел од нив се расклопува за да се продаде во делови. Забележани се и случаи на размена на украдени возила за наркотици.

Криминалните групи кои работат на меѓународно ниво се мобилни и главно имаат мрежна структура. Специјализирани се за кражба на одредени видови на возила и добро се поврзани со групите во регионот. Во рамките на групата, постои јасна поделба на трудот при вршење на овој вид криминал.

## 4.3. ЛИХВАРСТВО

Во сите три држави е регистрирана висока бројка на кривични дела на лихварство, што не го отсликува вистинскиот обем на оваа појава. Плашејќи се од закани, оштетените понекогаш и самите вршат кривични дела за лихварот за да се стекнат со пари потребни за отплаќање на долгот.

Сторителите честопати бараат од оштетениот да го заложи својот подвижен и недвижен имот, при што склучуваат фиктивни купопродажни договори ангажирајќи нотари или адвокати за склучување на ваквите договори или за упис на преземениот имот, со што обезбедуваат привидна легалност.

Проблемот со лихварството се препознава како еден од растечките криминали во Црна Гора и Србија кои што ги извршуваат криминални групи или лица кои примарно се занимаваат со друг вид криминал, но и поединци коишто парите ги стек-

нале со извршување на други кривични дела и ги зголемуваат со лихвартсво. Ова им дава можност да вложуваат во нови криминални дејствија.

Не се евидентирани ОКГ на кои што лихварството им е примарна активност, а сѐ поголемо е присуството на т.н. организирано лихварство каде што групи поединци ги здружуваат сопствените финансиски средства за заедничко лихварско делување.

| ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ |
| --- |
| Иако се очекува намалување на вкупниот број кривични дела против имотот, овој вид криминал и понатаму ќе биде позастапен во однос на другите видови. |
| Извршителите од териториите на Србије, Црна Гора и Македонија ќе продолжат со своите активности во странство, пред сѐ во земјите на Централна и Западна Европа. |
| Се проценува зголемување на бројот на тешки кривични дела против имотот, пред сѐ оние со поголема материјална штета, со исти или слични начини на извршување, во зависност од видот на објектите. |
| Имајќи ги предвид воспоставените канали на прикривање, криумчарење, лесната продажба на предметите од кривичните дела против имотот, континуитетот на понудата и побарувачката, како и брзата и лесната заработка, се очекува зголемување на бројот на криминалните и организираните групи кои, меѓу другото, ќе се занимаваат и со вршење на имотни деликти. |
| Србија, Црна Гора и Македонија и понатаму ќе бидат транзитна област, но и дестинација за украдените возила од европските држави. |

# 5. СТОПАНСКИ КРИМИНАЛ

## 5.1. ШВЕРЦ СО ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН

Криумчарењето тутун и производи од тутун е најдоминантна форма на криумчарење на акцизна стока. Тоа претставува посебен предизвик за повеќето земји во регионот, а големите разлики во цената на тутунските производи во Србија, Црна Гора и Македонија во однос на цената на тутунските производи во земјите од Западна и Централна Европа, како и за избегнување на плаќањето акциза и царина придонесува сторителите на овие кривични дела да се стекнуваат со профит.

За развој на овој вид криминал придонесува и понудата и побарувачката на пазарот, високото ниво на оданочување на овие производи, неусогласеноста на фискалните политики на земјите во регионот, разликата во пазарната цена во регионот и земјите на ЕУ.

Исто така, различните социо-економнски фактори, меѓу кои е и падот на куповната моќ на населението, доведуваат до зголемена побарувачка по алтернативни, односно нелегални и поефтини производи.

### Глобалната природа на проблемот

Податоците за глобалното ниво оваа криминална активност и процените направени во 84 земји во светот покажуваат дека нелегалната трговија со цигари покрива 11,6% од вкупната потрошувачка на светот, која изнесува 657 милијарди цигари годишно. Глобалната загуба од даночните приходи од шверцот со цигари е помеѓу 40 и 50 милијарди долари годишно, а губењето на даночните приходи во ЕУ во 2012 година се проценува на околу 12,5 милијарди евра.[7]

### Состојбата во регионот

На регионално ниво, постојат различни форми на шверц на стока, но најзастапен е шверцот на тутун и производи од тутун. Појавата на овој вид криминална активност предизвикува значителни загуби за буџетот на државата, кои произлегуваат од загубата на приходи од акцизи и царини. Исто така, оваа криминална активност ја поткрепува и традицијата на производство на тутун и производи од тутун, која зазема важно место во структурата на индустриското производство од Западен Балкан. Во изминатиот период забележан е феноменот дека за целите на нелегалните пазари во овие три земји илегално се произведува, криумчари и се продава режан тутун.

Географската положба на трите држави на Балканскиот Полуостров, кои се на патот што ги поврзува Азија и Европа ги дефинира како транзитна област за шверц на

7 ИНТЕРПОЛ, Legal Handbook Series Tobacco EN.

тутунски производи во нелегалните пазари на земјите во регионот и земјите на Западна и Централна Европа. Помали количества шверцувани тутунски производи се дистрибуираат на црниот пазар во Србија, Црна Гора и Македонија.

Поради различните социо-економски фактори, во извештајниот период беше забележано зголемување на овие криминални активности во Србија и Црна Гора, додека во Македонија, во последните две години се забележуван надолен тренд на овие криминални активности во однос на претходниот период.

Во повеќето случаи, во криминалните активности на шверц на цигари не се вклучени членови на идентификуваните ОКГ, туку привремено поврзани лица кои остваруваат значителен профит преку избегнување на плаќање на даноци, царини и акцизи на стоките.

Според достапните информации, во шверцот на цигари вмешани се балканските криминални групи кои оперираат на територијата на земјите од Западна и Централна Европа, кои имаат сложена мрежа на потрошувачите во земјите на ЕУ.

Шверцот на цигари се врши по т.н. балканска рута на шверцот, и тоа:

- Од правец на Македонија кон Бугарија се шверцуваат цигари што се купени легално. Од Албанија кон Македонија и понатаму кон Бугарија и Грција се шверцуваат нелегално произведени цигари, а забележани се и случаи на шверц со цигари од Бугарија во Македонија, понатаму во Косово и назад во Бугарија, со прикажување на фиктивен промет на производи за продажба на територијата на Косово.

- Од територијата на Црна Гора цигарите илегално се донесуваат од правец на Албанија, исто така, преку поморски пат до пристаништето во Бар од територијата на Косово, а понатаму продолжуваат по нелегални канали и се враќаат Србија или се пренесуваат во Босна и Херцеговина, со крајна дестинација во Западна и Централна Европа. Исто така, беше забележано дека цигари произведени легално во Црна Гора се криумчарат во Грција и во поединечни случаи и во Италија по поморски пат преку пристаништето во Бар.

- Од територијата на Србија, цигарите, кои преку нелегалните канали на шверц стасале во Србија или се регуларно купени во Србија, се шверцуваат во Бугарија, Романија, Унгарија и Хрватска, со крајната дестинација во овие земји или во земјите од Западна и Централна Европа, каде што цената на цигарите е повеќекратно повисока. Се шверцуваат и цигари со српски акцизни маркички, или со маркички од земјите во регионот, но и цигари без контролни маркички.

Имајќи ги предвид шверцерските рути, можеме да заклучиме дека нелегално произведените цигари во трите балкански земји влегуваат од правец на Косово и Албанија, и се движат кон земјите од Западна, Централна и Источна Европа.



Слика 6: ***Рутите на криумчарење***

Рутите наменети за шверц на тутунските производи се добро разработени и се користат и за шверц на наркотични дроги, оружје и нелегални мигранти.[8]

На пазарот на Србија и Црна Гора забележана е појавата на нелегални цигари, наречени „недозволени бели цигари» или „евтини бели цигари», кои се произведени главно на Блискиот Исток и азиските земји, а стасуваат до пристаништата во Јадранското Море, од каде што преку територијата на Црна Гора и Косово, се шверцуваат во Западна Европа.

Криумчарењето обично се извршува со користење на специјално конструиран бункер во товарните комбиња и патничките возила, редовните автобуски и железнички линии и бродовите. Во Македонија е забележан и шверц кој го вршат физички лица при минување на граничните премини, така што цигарите ги лепат околу телото и на тој начин кријат мали количини цигари, како и т.н. систем на мравка шверц, минување на границите по неколку пати на ден пренесувајќи мали дозволени количини на цигари. Цигарите во голема мерка се шверцуваат со користење на алтернативни патишта преку т.н. зелени линии.

Еден од начините на шверцот е преку компаниите регистрирани во офшор-зони кои порачуваат легално произведени цигари, а потоа со помош на документите со лажни податоци прикажуваат извоз кон земјите каде што е тешко да се контролира движењето на стоките и кои не се вистинската и крајната дестинација, туку цигарите се шверцуваат на пазарите на ЕУ.

8 ЕУРОПОЛ, СОКТА, Состојба со тешкиот и организираниот криминал во ЕУ, 2015.

**ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ**

Србија, Црна Гора и Македонија ќе останат земји на потекло, транзит и дестинација на шверцот со производи од тутун.

Модус операнди на шверцот на стоки, видот на шверцуваната стока и рутите ќе зависат од понатамошното усогласување на фискалните политики на земјите во регионот, како и од социјалниот и економскиот амбиент во наведените земји.

Меѓународната соработка на надлежните државни органи и правовремената размена на разузнавачки и други податоци, како и формирањето на заеднички истражни тимови ќе придонесат за намалување на овие криминални активности.

## 5.2. СТОПАНСКИ КРИМИНАЛ – ДАНОЧНИ ЗАТАЈУВАЊА

Извршувањето на кривичните дела на затајување данок му нанесува голема штета на државниот буџет и во повеќето случаи се врши од страна на поединци, а не од страна на организирани криминални групи.

Начинот на работење кај кривичните дела на затајување данок обично се состои од неподнесување даночни пријави или пријавување лажни информации во ДДВ пријавите со фалсификување на документи, со цел да се избегне плаќање на даноците или неосновано изразување на износот за враќање на данок или даночен кредит, со непријавување на вистинскиот приход со користење лажни фактури.

### Состојбата во регионот

Стопанскиот криминал, како специфичен облик на криминал е присутен во Србија, Црна Гора и Македонија, а значаен удел во оваа област имаат кривичните дела извршени за да се избегне плаќањето на даноците. Најчесто кривично дело во оваа област е даночното затајување, кое доведува до намалување на приходите во државниот буџет, појава на сива економија, создавање нелојална конкуренција на пазарот, а на сторителите на овие кривични дела им носи значителен профит и финансиска моќ да инвестираат во други криминални активности. Кривичните дела во оваа област, главно, ги вршат поединци. Сторителите постојано се приспособуваат кон правните прописи и измените во националните законодавства во земјите од регионот.

Даночните казниви дела главно се извршуваат со неподенсување даночни пријави и со внесување лажни податоци во пријавите на ДДВ со фалсификување на документите во прометот на стоки и услуги, со цел да се избегне плаќањето на даноците или неосновано да се изрази износот за поврат на данокот или даночниот кредит, со непријавување на реалните приходи или со користење на лажни фактури, кои обично не се придружени со набавка на стоки и услуги. Исто така, забележано е дека некои стопански субјекти вршат исплата на плати на црно, за кои се избегнуваат пресметките и плаќањето на данокот кон државата.

Статистичките податоци покажуваат дека во периодот од 1.1.2013 година – 1.3.2015. година во Србија, како резултат на затајување на даночните обврски е предизвикана штета на буџетот од околу 120 милиони евра, а во Македонија во периодот од 1.1.2013 година – 1.9.2015 година предизвиканата штета на државниот буџет изнесува околу 30 милиони евра.

Даночното затајување во повеќето случаи претставува придружна криминална активност што се јавува кај кривични дела од областа на стопанскиот криминал, заедно со други кривични дела од областа на финансиите, платниот промет, стопанството, фалсификување и уништување на деловните книги, како и злоупотреба на службената должност и положба. На појавата на оваа криминална активност влијае ниското ниво на финансиска и економска моќ на даночните обврзници, како и слабостите во системот за контрола на даночните обврзници.

## ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ

Нивото на присуство на криминалните активности во стопанско-финансискиот сектор ќе зависи од понатамошното унапредување на нормативната рамка која ќе придонесе за поефикасна борба против кривичните дела од овој вид.

Во наредниот период ќе продолжат ваквите кривичните дела извршени од страна на поединци на национално ниво, а посложените постапки на спроведување на истраги во оваа област може да влијаат и на појавата на нови модуси на извршување на кривичните дела, пред сè на регионално ниво.

# 6. КОМПЈУТЕРСКИ КРИМИНАЛ

Затворените интернет-форуми претставуваат главен извор на електронски податоци за платежните картички и основен облик на разменување на нелегално стекнати податоци. Сторителите стануваат сè пософистицирани во своите активности.

Имотната штета којашто е последица на измамите на интернет ја загрозува стабилноста на финансискиот пазар, а посебно се загрозени граѓаните, како и малите и средните претпријатија.

Зголемувањето на бројот на ЦааС (CaaS)[9] и интернет-форумите што се користат за криминални цели, на криминалните групи и поединците им го олеснува пристапот до софистицираните техники и софтверски алатки за напади врз компјутерските мрежи и системи.

Високата достапност и употребата на социјалните мрежи од страна на малолетните лица и децата од регионот претставува висок ризик и влијае врз порастот на бројот на жртви на сексуална експлоатација..

Сторителите ги собираат материјалите коишто настанале со сексуална експлоатација на малолетни лица и деца и ги користат главно за лични потреби или ги разменуваат некомерцијално, односно без паричен надомест.

## Глобалната природа на проблемот

Развојот на новите технологии и нивното сè поголемо присуство во сите сфери на општеството, резултираше со зголемување на бројот на кривични дела од компјутерскиот криминал. Трендовите во извршувањето на ваквите кривичните дела во најголем дел се поклопуваат со трендовите на глобално ниво.

Најголемата штета од компјутерскиот криминал трпат националните економии, но и поединци, и тоа како во однос на материјална штета така и од компромитирање на основните човекови права, особено кога станува збор за деца и млади како најранливи категории на населението.

## Состојбата во регионот

Регионалниот карактер на одредени форми на компјутерскиот криминал произлегува од специфичноста на регионот на Југоисточна Европа, особено на земјите од Западен Балкан, кои ги поврзуваат јазични, културолошки сличности, етничка припадност, сродство и пријателство. Ова доведе до формирање одредени интернет-услуги кои имаат регионално влијание и кои овозможија злоупотреба преку заедничко делување и користење на исти модели на злоупотреба на интернетот.

9 Crime-as-a-Service (CaaS) е работен модел кој на неквалификувани извршители им овозможува лесен пристап до производи и услуги, за време на напади на онлајн опкружување, кои не се во сразмер со нивните способности, преземениот ризик, штетата или профитот кој бил стекнат со преземената активност.

Сторителите се претежно машки лица од помладата популација, без криминално минато, со одредени технички и технолошки знаења, а организираните форми на компјутерскиот криминал главно се однесуваат на кривични дела против безбедноста на компјутерските податоци.

Високиот виктимогенски ризик произлегува од недоволната свест за потребата од мерки за заштита и активности неопходни за правилно функционирање на системот. Ризикот се зголемува уште повеќе со користење на „паметните» мобилни телефони, особено со примената на техники на комбинирани напади со употреба на технички методи и социјален инженеринг.

Откривањето и докажувањето на кривичните дела е отежнато од можноста кривичните дела да се извршуваат во различни географски позиции во реално време, како и од недоволната усогласеност на законските рамки на меѓународно ниво.

Општествената опасност на овие кривични дела не е во корелација со степенот на организираност на сторителите, токму поради специфичните начини на извршување и обемот и видот на штетата што самостојно може да ја предизвикаат поединци.

## 6.1. ИЗМАМИ СО ПЛАТЕЖНИ КАРТИЧКИ

И покрај фактот што постојат голем број нови начини на плаќање, бројот на корисници на платежни картички е во пораст. Сторителите доаѓаат до податоците за сопствениците на платежните картички со т.н. „скимување» на банкоматот или ПОС-терминалот, преку поставување уреди со кои лесно се пресликуваат податоците, преку затворени форуми на кои за разменуваат информации за кредитни картички со помош на „фишинг». Компромитираните податоци за платежни картички, кои се разменуваат на форумите главно се однесуваат на граѓаните на ЕУ и САД.

Во Србија и Македонија кражбите на податоци, како и злоупотребата на платежните картички на банкомати, е во опаѓање. Забележани се поединечни случаи во крајбрежните градови на Црна Гора за време на летната туристичка сезона.

Државјаните на земјите од опкружувањето користејќи лажни платежни картички и документи за идентификација, доаѓаат на територијата на земјите од регионот каде што купуваат стока од поголема вредност што лесно може да се пренесе преку границите.

Онлајн злоупотребата на платежни картички се врши претежно од млади лица кои добиените податоци ги користат за купување на стоки преку интернет-продавници и продажни сајтови.

Криминалните групи од регионот стануваат пософистицирани во своето делување и се поврзуваат со криминалните групи од странство. Своите дејности ги насочуваат кон земјите од Европската Унија и САД.

## 6.2. ИЗМАМИ НА ИНТЕРНЕТ

Можностите коишто ги нуди интернетот доведоа до замена на класичните форми на измама, кои главно се вршеа преку директен или телефонски контакт, со нови форми. Интернет измамите се прават на продажни сајтови и онлајн продавници и се однесуваат на нарачана но неиспорачана стока. Исто така, регистрирани се случаи на преземање на деловна комуникација меѓу компаниите од регионот и деловните партнери, главно од Азија, Африка и Латинска Америка. Во двата случаи, сторителите ја злоупотребуваат изградената доверба со што се доведуваат во заблуда поединци и претставници на бизнис компании.

Сторителите ги злоупотребуваат податоците добиени со кражба на идентитет, лажно претставувајќи се како легитимни деловни корисници. Последиците од злоупотребата се манифестираат преку нанесување материјална штета и за оштетеното претпријатие и на деловниот партнер, чијшто идентитет е злоупотребен.

Кражбата на идентитет, која се прави со помош на «фишинг» се сведува на незаконско стекнување на лични и финансиски податоци. За таа цел вообичаено се користат посебно креирани мејл адреси и копии на веб страниците на банките или на финансиските институции.

Интернет измамите во регионот најчесто ги вршат добро организирани групи од странство, со користење методи за социјален инженеринг.[10]

## 6.3. НАПАДИ НА КОМПЈУТЕРСКИ МРЕЖИ И СИСТЕМИ

Нападите на компјутерските мрежи и системи главно се однесуваат на криптување на содржината на компјутерите со помош на компујтерски вируси, Веб дефацемент (Web Defacement)[11] и ДДОС (DDOS)[12], напади насочени кон физичките и правните лица како и кон државните органи. Овие напади предизвикуваат финансиска штета и пречка во нормалното работење на стопанските субјекти и финансиските системи.

Криптувањето на содржината на компјутерите се прави со помош на компјутерски вируси со кои се заклучуваат податоците, а како услов за отклучување на содржината извршителите бараат парична надомест, често во облик на дигитална валута (биткоин).[13]

10 Вид измами со кои луѓето се наведуваат да откријат доверливи информации за себе.

11 Напад на компјутер со кој визуелно се менува изгледот на сајтот или веб-страницата

12 Distributed Denial of Service – метод со кој криминалците (хакерите) го затрупуваат серверот со милиони барања така што тој не стигнува да ги одговори, со што се предизвикува паѓање на серверот

13 Дигитална валута со која е возможно да се изврши финансиска транскација без присуство на финансиска институција.

Веб дефацемент обично го прават лица заради лична промоција, промоција на сопствените ставови, пропагирање на различни идеи и слично, и кои поставуваат мултимедијални содржини. (текст, слика, видео).

Овие кривични дела самостојно ги вршат, главно, помлади лица коишто на интернет сервисите најчесто разменуваат знаења, алатки и искуства што се неопходни за извршување на кривичните дела.

## 6.4. СЕКСУАЛНА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА ДЕЦАТА И МАЛОЛЕТНИЦИТЕ НА ИНТЕРНЕТ

Фотографиите и видеоматеријалите со сексуална експлоатација на деца и малолетни лица на интернет, се креираат во странство. Сторителите на ова кривично дело најчесто користат П2П-мрежа за размена на содржина за злоупотреба на децата и малолетниците за порнографски цели, прикажуваат порнографски материјал на видеоканалите или преку социјалните мрежи. Загрижувачки е тоа што дел од содржината се однесува и на деца до три години, понекогаш со елементи на насилство.

Постојаниот развој на современите технологии го олеснува производството и дистрибуцијата на ваквите содржини, сериозно ги загрозува децата и малолетниците и создава сериозни последици.

| ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ИДНИОТ РАЗВОЈ |
| --- |
| Се очекува дека кражбата на податоци од банкоматите ќе се намали во наредниот период. |
| Криминалните групи од регионот ќе ги засилуваат своите врски, а своето делување ќе го насочат кон странство. |
| Користењето на новите начини на заштитена комуникација од страна на сторителите ќе ја отежне работата на органите за спроведување на законите. |
| Интернетските измами ќе се вршат на сè пософистициран начин, а бројот на кривични дела ќе се зголеми. |
| Заради порастот на бројот на евидентирани напади на компјутерските мрежи и системи, последиците за државниот и приватниот сектор ќе стануваат сè посериозни. |
| Со понатамошен развој на современите технологии, како што е појавата на „клауд компјутинг“ (cloud computing)[14] и другите сервиси, дополнително ќе се усложни работата на органите за спроведување на законот. |
| Ќе продолжи трендот на употреба на социјалниот инженеринг и прикривање на идентитетот на сторителите на овие кривични дела, посебно на социјалните мрежи и другите сервиси што ги користат децата и малолетните лица. |

14 Чување, обработка и користење на податоци што се наоѓаат на оддалечени компјутери и до кои се пристапува преку интернет.

# 7. ОРГАНИЗИРАНИ КРИМИНАЛНИ ГРУПИ

**ГЛАВНИ ЗАКЛУЧОЦИ**

Во регионот доаѓа до преструктурирање на одредени организирани криминални групи и формирање помали, меѓусебно спротивставени групи, кои продолжуваат со криминални активности.

Ова преструктурирање претставува причина, но и закана која најчесто доведува до интензивирање на веќе постоечките судири.

Тешкиот и организираниот криминал е една од главните закани и предизвици за органите надлежни за спроведување на законот во Србија, Црна Гора и Македонија, којашто бара силна регионална и меѓусекторска соработка, како важен предуслов за успешна борба против тешкиот и организираниот криминал. Србија, Црна Гора и Македонија речиси на идентичен начин ја дефинираа стратегиската и законската регулатива во рамките на своето национално законодавство во борбата против сериозниот и организираниот криминал.

Овие форми на криминал се многу сложени, првенствено поради силниот меѓународен карактер и сторителите од различни земји, региони и области на светот се повеќе се здружуваат, така што борбата против тешкиот и организираниот криминал не може да се сведе само во националните граници. Затоа, процесот на собирање докази потребни за да се гонат членовите на ОКГ кои извршиле вакви кривични дела, како и конфискација на имотната корист стекната со криминал, е многу сложен.

Еден од главните фактори кои му одат во прилог на развојот на меѓународните форми на тешкиот и организиран криминал, е географска положба на регионот, кој претставува раскрсница меѓу Западна Европа, Блискиот и Далечниот Исток. Регионот може да се гледа како транзитна зона и како крајна дестинација. Регионот претставува и домицилна територија за одредени криминални активности во областа на имотните деликти и кривичните дела со елементи на насилство, производство на одредени наркотични дроги и стоки кои се шверцуваат и се продаваат на други пазари.

Доминантните криминални активности извршени од страна на ОКГ од Србија, Црна Гора и Македонија, на регионално и меѓународно ниво, се шверц, трговија (кокаин, хероин) и производството на различни видови наркотици (марихуана и синтетички дроги) за локалниот пазар и пазарите на земјите на дестинација. Некои ОКГ нивните главни криминални активности ги вршат надвор од регионот на Балканот, што е типично за шверцот и дистрибуцијата на кокаин, хероин и марихуана.

Еден дел од ОКГ се занимава со криминални активности како што се криминал со имот, илегална миграција, шверц со акцизни и други видови на стоки, криумчарење и дистрибуција на фалсификувани пари, лихварство, перење пари и кривични дела со елементи на насилство.




Структурата на ОКГ е јасно хиерархиска. Тоа се хомогени групи, кои обично имаат цврсто и долготрајно јадро на клучни лица опкружени со круг на мал број на постојани членови. Она што ги поврзува и ја олеснува соработката помеѓу членовите на организираните криминални групи од овие земји се етничката припадност, пријателството и семејните врски, непостоење јазични бариери, и најчесто, заедничко криминално минато.

Една од заедничките карактеристики на припадниците на ОКГ е што прибегнуваат кон промената на идентитетот и употребата на фалсификувани документи, како и

користењето на придобивките од двојно државјанство како начин со кој им се олеснува на движењето и вршењето на кривични дела во другите земји.

Карактеристично за делувањето на ОКГ е повременото вклучување на лица кои немаат криминално досие, пред сè за логистички потреби, како и поединци специјализирани во одредени области. За посигурна размена на информации, ОКГ користат софистицирани средства за комуникација, а сè почесто и директна комуникација и пренос на пораки преку курири.

На територијата на Србија и Црна Гора одредени ОКГ покажуваат високо ниво на насилство во заедничките криминални активности (убиство, киднапирање, изнуда, итн), како и заплашување на членовите со цел да се контролира и да се одржува внатрешната дисциплина, додека ОКГ од Македонија користат помалку насилни методи во изолирани случаи.

Забележано е преструктурирање на одредени членови на ОКГ во регионот, и формирање помали спротивставени групи кои продолжуваат со криминални активности. Ова преструктурирање е причина, но и закана која обично доведува до интензивирање на постоечките конфликти.

ОКГ го користи коруптивното влијание како дел од стратегијата со која се олеснува спроведувањето на нивните криминални активности и кое е насочено главно кон поединци од различни општествени структури. Корупцијата не се користи само за стекнување на противправна имотна корист, туку и како ефикасно средство за заштита од кривично гонење.

Со зголемување на својата финансиска моќ, регионалните ОКГ кои работат на меѓународно ниво, имаат тенденција и потреба парите стекнати со криминални активности да ги пласираат во легални текови. Парите обично се вложуваат во сфери во кои има потреба од свеж капитал и во кои заштитните мерки за идентификација и спречување на сомнителните парични текови се најретко се применуваат. Најатрактивните сфери за инвестирање на овие пари во сите три земји, се недвижнините, инвестициите преку офшор зони, основање на „фантомски» компании и стопански дејности. Недвижниот имот и капиталот стекнат на овој начин обично не е на име на вистинскиот сопственик, туку на други лица, како членови на семејството или блиски пријатели.

# ЗАКЛУЧОК

Тенденцијата на секоја држава е да им обезбеди на своите граѓани да живеат во слобода, безбедност и правда, а процената на заканите за безбедноста е една од главните начини на кои државата се обидува да ја задржи својата внатрешна безбедност, да обезбеди развој на демократските институции и владеењето на правото. Регионалната процена на заканите од тешкиот и организиран криминал покажува дека во овој момент се соочуваме со организиран и сериозен криминал кој е постојано развива на нови форми на манифестирање, пред сè во зависност од глобалните промени, технолошкиот напредок и социјалниот развој.

Заради напорите да се приклучат што е можно поскоро кон европската интеграција, што претпоставува воспоставување стабилна безбедносна состојба во Србија, Црна Гора и Македонија, овие земји, во соработка со меѓународните фактори, како и со меѓусебна соработка, имаат интерес да обезбедат безбедно опкружување кое ќе овозможи добри услови за понатамошен напредок и интеграција во Европската Унија. Приоритетна задача за земјите во регионот претставува серијата на комплексни активности и интензивна работа, во која примарно место зазема ефикасната борба против тешкиот и организираниот криминал и која за земјите во регионот е поставена високо на списокот на услови потребни за влез во ЕУ.

Земјите од регионот, со оглед на својата геостратешка положба и глобалната природа на проблемите со кои се соочуваат, стратегиски се насочени кон зајакнување на регионалната и меѓународната соработка во борбата против тешкиот и организираниот кримина, првенствено заради истакнатата регионална и меѓународна димензија на одредени облици на тешкиот и органиизраниот криминал, на што укажува и извршената анализа на потенцијални закани.

Дека земјите од регионот се насочени стратегиски кон зајакнување на регионалната и меѓународната соработка говори фактот дека со Регионалната процена се идентификувани заканите коишто во голема мера се признати и во Европската агенда за безбедност (2015 – 2020). Ова е особено важно ако се има предвид дека таа агенда покажува во кој правец ќе се развиваат европските стандарди и практики, и дека е донесена во контекст на фактот дека безбедносните закани еволуирале во последниве години, особено со оглед на случувањата на Блискиот Исток.

Понатамошното продлабочување на соработката меѓу органите надлежни за спроведување на законот во земјите од регионот вклучува и поинтензивна примена на меѓународните истражни механизми, односно почесто формирање заеднички ис-

тражни тимови за да се истражат кривични дела со елементи на организираност, како и развој на систем на полициско работење врз основа на разузнавачки информации како предуслов за проактивен пристап. Ефикасната борба против тешкиот и организираниот криминал може дополнително да се зајакне со користење на сите можни механизми за соработка меѓу земјите од регионот, како што се конференции, тркалезни маси или активности при членување во регионалните и меѓународни асоцијации, бидејќи клучот за успешна соработка е токму размената на искуства, знаењето, методите, алатките и добрите практики за новите облици на закани. Покрај тоа, и имајќи ја предвид желбата на овие земји да станат полноправен дел од ЕУ, се истакнува и неопходноста да се продолжи со усогласувањето на законската рамка со прописите и стандардите во развиените земји на ЕУ.

Со оглед на фактот што идентификуваните закани не познаваат државни граници, нивното сузбивање бара организирана акција од сите актери, што е мошне важно, затоа што многу безбедносни ризици потекнуваат од земјите кои не се членки на ЕУ и не му припаѓаат на регионот на Југоисточна Европа. Затоа, неопходно е да се зајакне соработката меѓу државите и агенциите на ЕУ со полицијата и другите органи за спроведување на законот од регионот, за да може да се создаде простор на безбедност во рамките на целиот регион, а со тоа и во ЕУ.